СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

***ноември 2017 година***
***ЕУЦ-број 28/2017***

## МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ




На 16 и 17 ноември годинава во Париз се одржа првиот Форум за чист воздух на кој учествуваа над 300 учесници од индустријата, претставници на влади, невладини организации и граѓаните кои споделија ставови за подобрување на квалитетот на воздухот. Повеќе од 30 говорници се осврнаа на предизвикот за чист воздух, на актерите и областите на дејствување. Во фокусот на дискусиите беа три теми: квалитетот на воздухот во градовите; загадувањето на воздухот од земјоделскиот сектор; и бизнис можностите за чист воздух.

Клучни говорници беа: Кармен Вела комесар за животна средина, поморство и рибарство; Пјер Московичи комесар за економски и финансиски прашања, оданочување и царина; Ана Хидалго градоначалник на Париз; Ширли Родригес заменик-градоначалник на Лондон; и Ханс Брининкс извршен директор на Европската агенција за животна средина.

Дебатата потврди дека ЕУ веќе има сеопфатен пакет со алатки за помош во решавањето на предизвикот за чист воздух: законски решенија за стандардите за квалитет на воздухот и националните плафони на загадување на воздухот. Исто така, вклучува специфични стандарди за загадување за клучните извори на загадување, како и најдобрите достапни техники дизајнирани да ги запрат индустриските емисии. Зајакнувањето на енергетската унија, движење кон мобилност со ниска емисија и натамошното развивање на Заедничката земјоделска политика, може дополнително да помогне во намалување на загадувањето на воздухот. Задачата е да се имплементираат политиките кои ќе „работат“ за почист воздух.

За подигање на свеста кај граѓаните за квалитетот на воздухот на Форумот беа презентирани две алатки:
- „Европски индекс за квалитет на воздухот“ на Европската агенција за животна средина, за информирање на граѓаните за нивото на квалитет на воздухот врз основа на податоците што ги пријавиле земјите-членки, и
- Атласот за квалитет на воздухот од Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија, кој ги илустрира главните извори на загадување на честички во 150 градови низ Европа.

Индексот за квалитет на воздухот и Атласот за квалитет на воздухот ќе им помогнат на граѓаните и креаторите на политики да имаат подобро разбирање за нивоата на квалитетот на воздухот во своите средини.

И покрај превземените активности, дневните и годишните просечни граници за честички редовно се надминуваат во многу градови и неколку региони во Европа. Стандардите и целите на квалитетот на воздухот во ЕУ се прекршени во многу региони и градови, а јавното здравје страда соодветно, со зголемени трошоци за здравствена заштита и за економијата. Вкупните надворешни здравствени трошоци поврзани со општеството од загадувањето на воздухот се проценети од 330 до 940 милијарди евра годишно.

Првиот Форум за чист воздух не само што го најави воведувањето на Европскиот индекс за чист воздух, туку заврши со јасна порака: „Решенијата за подобрување на квалитетот на воздухот се дофатливи“.
Вториот форум за чист воздух се планира да се одржи во 2019 година.

http://europa.eu
https://www.euconf.eu

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Меѓународен Форум за чист воздух | 1 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 2-3 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 4-5 |
| Поддршка на независни медиуми во Западен Балкан | 6 |
| Париз - најиновативен град за 2017 година | 7 |
| Посилна соработка на ЕУ во областа на одбраната | 8 |
| Нови седишта на две европски агенции | 9 |
| Употребата на глифосат продолжена за уште пет години | 10 |
| Специјална награда за комуникација за студентскиот проект „Зошто Европа“ | 11 |
| ЕУ календар / декември 2017 | 11 |

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери на 20 ноември 2017 година се сретна со Еврокомесарот за соседска политика и преговори за проширување на Европската Унија, г. Јоханес Хан.
Претседателот го информираше еврокомесарот за тековните и претстојните активности на Собранието на Република Македонија поврзани со реформските процеси неопходни за добивање на позитивна препорака за отпочнување на преговори за членство во Европската Унија.
Еврокомесарот Хан оствари и поединечни средби со претседателот на Коалицијата "Алијанса на Албанците", претседателот на ДУИ и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ



На 09 и 10.11.2017 год. во посета на Собранието престојуваше европратеникот Иво Вајгл, кој оствари средба со претседателот на Собранието и поединечни средби со координаторите на БЕСА, ВМРО-ДПМНЕ ДПА, СДСМ, ДУИ и Алијансата на Албанците, со претседателите на две парламентарни Комисии за надзор, и со ЕУ експертите за Парламентарниот проект.

---

Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери на 10 ноември 2017 година оствари средба со државниот секретар за надворешни и европски работи на Словачката Република, г. Иван Корчок. На средбата, соговорниците разменија мислења за евроатланските интеграции на Република Македонија. Претседателот на Собранието го информираше гостинот за поинаквиот, позитивен пристап кон ова прашање, особено преку подобрувањето на односите со соседите и отпочнувањето на реформите што се неопходни за евроатланската интергација на Република Македонија.



---




На 15 ноември 2017 година се одржа Регионална конференција на мрежата на парламентарни комисии за економија, финансии и евроинтеграции на Западен Балкан. Претседателот на Собранието, г. Талат Џафери во своето обраќање истакна дека една од темелните функции на секој парламент, покрај законодавната, е и надзорната функција.

„Оваа мрежа денеска вклучува 25 комисии од Парламентите на Албанија, БиХ, Македонија, Црна Гора, Косово и Србија, а јас лично мислам дека претставува значајна алатка во процесите на евроинтеграција на државите од регионов“ рече г. Џафери.

---

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Делегација од Собранието предводена од претседателот на Собранието на 27 и 28.11.2017 год. оствари официјална посета на Кралството Шведска. Претседателот на Собранието оствари поединечни средби со претседателот на Шведскиот парламент Урбан Алин, со градоначалникот на Стокхолм Ева-Луиз Ерландсон Слорах, со министерот за надворешни работи на Кралството Шведска Маргот Валстром. За претседателот на Собранието на Република Македонија беше реализирана Аудиенција кај Кралот на Шведска, Неговото Височество Карл XVI Густаф

Претседателот на Комисијата за европски прашања Артан Груби на 07 ноември 2017 год. учествуваше на Работилница за воспоставување на регионална мрежа на комисиите за европски прашања. На семинарот учествуваа претставници на Комисиите за европски прашања од Хрватска, Македонија, Црна Гора, Србија, Босна, Косово и Албанија.
Целта на работилницата беше да се воспостави регионална мрежа на Комисиите за европски прашања, за да продолжи понатамошната соработка.





На Конференцијата посветена на поместувањето на јазот помеѓу младинските политики, младинската партиципација и пратеници, во организација на Европскиот парламент на 21 ноември 2017 година во Брисел, учествуваше делегација од Собранието во состав: Ивана Туфегџиќ, Димитар Стевананџија, Агим Шакири и Теута Биљали. Пратеничката Туфегџиќ во своите излагања информираше за степенот на реализација на реформите посветени на младинските политики во Република Македонија. И останатите пратеници земаа активно учество на Конференцијата. Тие имаа бројни средби со колеги од регионот и од Европскиот парламент, кои беа во насока на промовирање на Република Македонија и размена на искуства и мислења.



Клубот за младински прашања и политики на 13.11.2017 година, оствари средба со шефот на Секторот за млади во Советот на Европа, г-ѓа Антие Ротемунд. Целта на средбата беше да се чујат искуства, пракси и политики, коишто ќе помогнат Клубот за младински прашања и политики да стане мост преку кој младите ќе можат да ги искажат своите идеи и истите да се интерпретираат во законодавниот дом.

Делегација на пратеници на Собранието во состав Артан Груби, Никола Попоски и Фадил Зендели, на 20 и 21 ноември 2017 година учествуваа на Конференција во Европскиот парламент во Брисел, посветена на интеграцијата на земјите од Западен Балкан кон Европската унија Пратеникот Груби информираше за текот на реформскиот процес во Македонија, за посветеноста на новото мнозинство да ги зацврсти поставените задачи од Брисел сè со цел до крајот на годината да добиеме безусловена препорака за отпочнување на преговорите, па дури и конкретен датум за отпочнување на истите.
Пратеникот Попоски упати апел до претставниците на Унијата за поголема нивна присутност и визибилност во Република Македонија, како и за поголема соработка на сите земји од регионот во поглед на европска агенда. „Успехот во интеграцијата зависи од можноста за поголема контрола на Владата од страна на Собранието“, рече Поповски. Пратеникот Зендели имаше свое обраќање на сесијата посветена на користењето на ИПА-2 инструментот.



## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

http://www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 13-16 ноември 2017 година***

Европратениците изнесоа критики во итната дебата за најновите медиумски протекувања на офшор даночните раеви познати како „рајски документи“. Европратениците истакна дека министрите за финансии не треба да се криjат зад правилата на едногласност во борбата против избегнувањето на данокот. Во моментов, одлуките за даноците што се прибираат на ниво на ЕУ мора да бидат договорени од сите земји-членки. Одговарајќи на прашањата на европратениците, Пјер Московичи, Комесарот за економски и финансиски прашања, оданочување и царина, предупреди дека ЕУ мора да постигне напредок во справувањето со овој „фундаментален проблем“ во даночните прашања.

Според ревидираната регулатива за заштита на потрошувачите, националните органи за спроведување ќе имаат повеќе овластувања за откривање и сузбивање на онлајн прекршувања на законите за заштита на потрошувачите. Правниот текст беше одобрен од Европскиот парламент со 591 гласа, и треба официјално да биде усвоен од Советот на ЕУ. Регулативата ќе се применува 24 месеци по денот на влегувањето во сила.

Претседателот на Европскиот парламент, Антонио Тајани им честиташе на тројцата финалисти наградата Лукс, вклучувајќи ја и победничката филмска екипа, и истакна: „Наградата Лукс е во авангарда за промовирање на филмот, кој е направен во Европа, нашата креативна индустрија и нашата културна и јазична разновидност“.

Европскиот парламент го одобри неформалниот договор за новите правила на ЕУ за борба против дампинг и субвенциониран увоз од трети земји, усвоен од европратениците и преговарачите на Советот, на 3-ти октомври годинава. Договорот беше изгласан со 554 гласа, 48 против и 80 воздржани. Новите правила ќе влезат во сила откако Советот официјално ќе ги одобри и ќе бидат објавени во Службен весник на ЕУ.

Европратениците Ливија Јорка (ЕПП) и Фабио Масимо Касталдо (ЕФДД) беа избрани за потпретседатели на ЕП кои доаѓаат на местото на г-ѓа Гал-Пелч и М.Ламбсдорф. Ливија Јарока беше избрана за потпретседател со 290 гласа, а Фабио Масимо Касталдо со 325 гласа.

Во резолуцијата, усвоена со големо мнозинство се бара од Комисијата „да отпочне дијалог со малтешката влада за функционирањето на владеење на правото во Малта“. Европратениците, исто така сакаат да се објават програмите на земјата за продажба на државјанства на Малта и ЕУ на граѓаните кои не се од ЕУ. Тие повикуваат на независна меѓународна истрага, со целосно вклучување на Европол во атентатот на новинарката Дафне Каруана Галиција.

Европратениците не прифатија продолжување на мандатот на белгискиот кандидат Карел Пинкстен во Европскиот суд на ревизори (ЕЦА), а одобрија шест други кандидати со тајно гласање.

Блиската соработка ориентирана кон резултати и взаемната доверба меѓу земјите-членки се клучни за успехот на ЕУ, истакна словачкиот претседател Андреј Киска на пленарната сесија на Европскиот парламент. Тој ја отфрли идејата дека постојат „основни недостатоци“ во архитектурата на ЕУ што ќе доведе до мрачна иднина и укажа дека ЕУ треба да се фокусира на „решавање на проблемите заедно, со меѓусебно помагање и учење еден од друг“.

Европскиот парламент изнесе загриженост за поделбата на власта, независноста на судството и основните права во Полска. Европратениците веруваат дека ситуацијата во Полска претставува „јасен ризик од сериозно прекршување“ на европските вредности, вклучувајќи го и владеењето на правото, загарантирано со Договорот за ЕУ. Изгласаната резолуција ги повикува полските власти да ги поддржат заедничките европски вредности од членот 2 од Договорот за Европската унија и Уставот на Полска .

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија 29-30 ноември 2017 година***

Преговарачите од Европскиот парламент и од Советот постигнаа договор за првите правила на ЕУ за цивилна употреба на беспилотни летала.Според неформалниот договор при дизајнот и производството на беспилотни летала ќе мора да се почитуваат основните барања на ЕУ за заштита, безбедност и заштита на лични податоци. Земјите-членки на ЕУ ќе можат да им наложат на операторите регистрирање на беспилотните летала кои можат да предизвикаат значителна штета за луѓето. Беспилотните летала ќе треба да бидат поединечно означени за нивна полесна идентификација. Целта на овие мерки е да се обезбеди унифицирано ниво на безбедност во ЕУ.

Европратениците на пленарната сесија одобрија појасни правила за редоследот по кој доверителите на проблематичните банки ќе имаат обврска да ги покријат загубите. Планот е во европското право да се вклучи меѓународниот стандард за „вкупен капацитет за апсорпција на загубите“ на банките кои имаат значајна улога за подршка на банкарскиот систем. Правилата бараат банките да издвојат доволно средства за апсорбција на загубите и за докапитализација, со минимално влијание врз даночните обврзници.

Европскиот парламент го одобри договорот кој во претходниот месец беше постигнат со Советот, и кој за прв пат ќе овозможи Фондот за стабилност и мир на ЕУ да ги финансира воените сили во партнерските земји во спроведување на нивните развојни активности. Поддршката за армијата досега беше исклучена, иако во некои случаи таа е единственото тело за враќање на безбедноста и основните услуги. Европратениците се согласија да се издвојат 100 милиони евра за поддршка на цивилните задачи на армијата во трети земји, и за зајакнување на Европскиот фонд за стабилност и мир.

Европратениците во усвоената резолуција нагласија дека Европската унија и земјите-членки ќе треба да ги интензивираат напорите за целосно исполнување на обврските од Европската стратегија за лицата со посебни способности 2010-2020. Резолуцијата ги оценува активностите на стратегијата и ги наведува клучните активности во 8 приоритетни области:пристапност, учество, еднаквост, вработување, образование и обука, социјална заштита, здравје и надворешно делување. Лицата со посебни способности имаат право на еднаков третман, да живеат самостојно и да бидат полноправни членови на општеството, но и покрај голем број програми и закони, тие сé уште целосно не ги уживаат правата.

Европратениците повикаа земјите-членки на ЕУ да го применат законодавството поврзано со правата на пристап на лицата со посебни способности (вклучувајќи ја и директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, директивата за веб пристап и легислативата за транспорт). Европарламентот се надева дека Европскиот акт за пристапност на лицата со посебни способности ќе биде брзо усвоен и го повика Европскиот совет да го прекине ќор-сокакот во разговорите за хоризонталната директива за антидискриминација.

За буџетот за следната 2018 година, европратениците обезбедија поголема поддршка за невработените млади луѓе и дополнителни средства за мали и средни претпријатија, истражувачки програми и Еразмус. Проектираните обврски за 2018 година се вкупно 160,1 милијарди евра и одобрени исплати во висина од 144,7 милијарди евра.

Пратениците гласаа за проширување на употребата на он-лајн системот за плаќање на ДДВ за бизнисите кој ќе ги намали трошоците за усогласување.

http://www.europarl.europa.eu

## ПОДДРШКА ЗА НЕЗАВИСНИ МЕДИУМИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН




Слободата на медиумите е еден од политичките критериуми за пристапување во ЕУ - обврзувачки за земјите кои сакаат да пристапат во Европската унија.

На настанот „Денови на медиумите на ЕУ и Западен Балкан“ што се одржа на 9 и 10 ноември во Тирана, Албанија, Европската комисијата објави дека ќе инвестира во нови иницијативи за поддршка на независно новинарство, одржливи медиуми и зајакнување на регионалната соработка меѓу медиумите. На конференцијата, Комисијата изнесе сеопфатни предлози за зајакнување на независноста на медиумите во регионот. Новите фондови на ЕУ ќе обезбедат обука за млади и на средно ниво професионални новинари во целиот регион. Новата програма за техничка помош за јавните радиодифузери ќе ја поддржи регионалната копродукција на истражувачко новинарство, медиумски содржини за млади и дигитализацијата. Новите активности со Европската фондација за демократија ќе бидат од корист за новите независни медиуми и малите иницијативи.

Комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување Јоханес Хан, кој учествуваше на конференцијата истакна дека „Слободата на изразување е темелна вредност на Европската унија и неразделно се поврзува со натамошниот напредок на патот кон ЕУ. Деновите на Балканските медиуми го отвораат патот кон посеопфатен пристап за поддршка на независните медиуми, помагаат во проширувањето на медиумската писменост во регионот, помагаат во дигитализацијата и трансферот на знаењето“.

Во *Регионалната програма за обука и поддршка за подобрување на квалитетот и професионалноста во новинарството* предвидени се 2 милиони евра. Дејствувањето ќе се фокусира на млади и на средно ниво професионални новинари обучени за квалитетно новинарство и подобрување на публикациите на квалитативни истражувачки стории. Регионалната мрежа ќе го поддржи развојот и размената на истражувачки вештини преку вклучување новинари, обучувачи од ЕУ и Западен Балкан и академски институции. Постојната награда на ЕУ за истражувачко новинарство ќе продолжи како дел од акцијата. Проектот се очекува да започне во првата половина на 2018 година.

*Програмата за техничка помош на медиуми за јавни услуги во Западен Балкан* ќе располага со фонд во висина од 1,5 милиони евра. Целта на оваа програма е да воспостави стандарди и најдобри практики во Западен Балкан како заедничка референтна рамка за независни и професионални медиуми. Иницијативата ќе генерира синергии меѓу 6-те јавни сервиси за промовирање регионални размени за политики и практики. Ова ќе иницира нова фаза во процесот на реформи во медиумите, вклучувајќи ги и интегрираните редакции, редакциски насоки и долгорочни стратегии. Проектите ќе започнат на почетокот на 2018 година.

За спроведување на *Шемата за поддршка на организациите на граѓанско општество и медиумите во Западен Балкан* предвидени се средства 4 милиони евра. Комисијата во тесна соработка со Европската фондација за демократија, ќе обезбеди поддршка што ќе биде ориентирана кон побарувањата на нови компании и нови медиумски иницијативи. Ќе им биде дадена поддршка на новинарите, блогерите и истражувачите во регионот и можност за финансирање на мали иницијативи. И овие проектите ќе започнат на почетокот на следната година.

Настанот „Денови на медиумите на ЕУ и Западен Балкан“ го посетија повеќе од 250 претставници на медиумите и медиумските организации, како и креаторите на политиките од ЕУ и Западен Балкан. На настанот се разговараше за слободата на изразување, економската одржливост на медиумскиот сектор и улогата на медиумите во процесот на пристапување.

Два панели и шест работилници обезбедија широка платформа за медиумски професионализам за размена на мислења и споделување на најдобрите практики. Конференцијата придонесе да се отвори патот за новите иницијативи за промовирање на независни, одржливи и професионални медиуми во регионот.

http://europa.eu/

## ПАРИЗ - НАЈИНОВАТИВЕН ГРАД ЗА 2017 ГОДИНА

Европската комисија на 7 ноември годинава ја додели наградата за европски иновативен град (iCapital) на Париз. Наградата iCapital, која е во износ од еден милион евра, е доделена според ЕУ програмата за истражување и иновации "Хоризонт 2020".
Париз ја доби наградата за својата инклузивна стратегија за иновации. Талин (Естонија) и Тел Авив (Израел) беа избрани како второспласирани, и им беа доделени по 100.000 евра. Паричната награда треба да се искористи за зголемување и натамошно проширување на иновативните напори на градовите.

Париз претставува најголем светски стартап кампус, во текот на последната деценија има изградено повеќе од 100. 000 квадратни метри инкубатори. Градот троши 5% од својот буџет за проекти предложени спроведени од страна на граѓаните. Благодарение на оваа стратегија, граѓаните и иноваторите од приватниот, непрофитниот и академскиот сектор го направија Париз да стане вистински FabCity.

Новиот проект „Reinventing Paris“ е добар пример за тоа како градот ги олеснува иновациите со покана на национални и меѓународни таленти за учество во обновата на многу значајни локалитети. Во проектот, градот повикува интердисциплинарни тимови да поднесат иновативни проекти за урбан развој за трансформирање на голем број подземни локалитети во Париз.

Градот Талин е награден за иницијатива да дејствува како терен за тестирање на најнови пробивни технологии. Општината поттикнуваше користење на системи за автомобили за самостојно возење, роботи за достава и споделување на возења. Талин, исто така, спроведе иновативен систем за е-престој, кој им овозможува на локалните граѓани и бизниси тесно да соработуваат со странските компании.






Градот Тел Авив постави урбана лабораторија „Smart city“ која ги поврзува новите иновативни компании со водечките технолошки компании со цел да ги олесни истражувањата и иновациите за решавање на урбаните предизвици. Образованието е меѓу приоритетите на Тел Авив, а дел од наградата ќе биде посветена на зајакнување на Иницијативата за паметно образование, развиена од општината во соработка со наставниците, родителите, учениците и локалните новинари.

Пријавувањето за наградата Европски град за иновации започна во март 2017 година за градовите со над 100.000 жители од земјите членки на ЕУ и земји поврзани со Хоризонт 2020 програмата. Беа пријавени 32 градови од 17 земји. Победникот и двата финалисти беа избрани врз основа на новите иницијативи кои започнаа од 1 јануари 2016 година. Победниците беа избрани од панелот на независни експерти од универзитетите и бизнис секторот од експертската база на податоци на Хоризонт 2020.

Наградата за првпат беше доделена во 2014 година и во рамките на Хоризонт 2020, најголемата рамковна програма на ЕУ за истражување и иновации која е со буџет од 77 милијарди евра за периодот 2014-2020.

Натпреварот за Европска престолнина на иновации за 2018 година треба да започне во првиот квартал од следната година.

http://europa.eu/rapid/

## ПОСИЛНА СОРАБОТКА НА ЕУ ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА



На 13-ти ноември годинава, повеќе од 20 земји-членки на ЕУ потпишаа клучен договор за зајакнување на соработката во одбраната по Брегзит како и посилно да се спротивстават на притисокот на Русија. Амбициозниот проект подразбира поголеми алокации за воена опрема и истражување, и исто така намалување на разликите во капацитетот на земјите потписнички. Меѓу земјите што го потпишаа договорот се Франција, Германија, Шпанија и Италија, додека Британија и Данска нема да учествуваат во проектот.

Министрите за одбрана од 23 земји до Советот на ЕУ испратија „заедничка изјава“ за програмата за постојана структурна одбранбена соработка (ПЕСКО). Советот треба до крајот на годината да одлучи за воспоставување на оваа соработка која има за цел да ја зголеми безбедноста на членките како и подобрување на координацијата во развојот на новата воена опрема.

Сличните напори за продлабочување на воените врски со децении беа проблематични, делумно поради тоа што Британија остро се спротивставуваше на она што може да резултира со формирање на европска армија. Одлуката која Велика Британија ја донесе во 2016 год., за напушттање на ЕУ, како и анексијата на Крим во 2014 година од страна на Русија, уште еднаш ја стави потребата за посилна европска позиција во поглед на безбедноста.

Програмата ПЕСКО за која највеќе се залагаа Германија и Франција е дел од напорите за зајакнување на ЕУ по референдумот за Брегзит, по што следи формирањето на Европскиот фонд за одбрана кој ќе има годишен буџет од 5,5 милијарди евра.

Шпанската министерка за одбрана, Марија Долорес де Коспедал, во почетокот на ноември истакна дека ПЕСКО „ во моментот е најамбициозниот проект на ЕУ“.

Договорот што беше постигнат предвидува земјите да обезбедат „значителна поддршка“ во луѓе, опрема, обука и инфраструктура за воените мисии на ЕУ. Потписниците на договорот се залагаат за „редовно зголемување на одбранбените буџети“, како и распределба од трошоците за одбраната на 20% за опрема и 2% за истражување и технологија.

ПЕСКО може да доведе до отворање на европска воена болница или логистички центар, но првенствено ќе се фокусира на проекти за развој на нова воена опрема, како тенкови или беспилотни летала, со цел да се усогласат вооружените системи и да се намалат разликите во капацитетите на одделни земји.

Учеството во проектот ПЕСКО е доброволно и земјите можат да се приклучат подоцна, ако бидат одобрени од претходните потписници на договорот. Земјите кои не се членки на ЕУ, исто така можат да учествуваат во конкретни мисии, иако нема да имаат улога во донесувањето одлуки.

Секоја година ќе се проверува дали потписниците ги исполнуваат своите обврски, а оние кои не се придржуваат кон договорот можат да бидат исклучени од проектот.

Меѓу Париз и Берлин, имало одредени разлики во однос на обврските на земјите потписнички. Франција се залагала за учество на мал број земји кои ќе бидат посветени на амбициозните проекти, вклучувајќи и можни меѓународни интервенции. Од друга страна, Германија сакала во проектот да вклучи што е можно повеќе земји. Имајќи предвид дека меѓу 28-те земји-членки на ЕУ договорот беше потпишан од 23 земји, се чини дека германската идеја преовладува.

Во можен компромис, Велика Британија може да биде во можност да се приклучи, но само на исклучително ниво, ако обезбедува значителни средства и експертиза.

https://www.euractiv.com

## НОВИ СЕДИШТА НА ДВЕ ЕВРОПСКИ АГЕНЦИИ

Европската комисија го поздрави договорот во Советот на ЕУ за општи работи постигнат на 20 ноември годинава, со кој Европската агенција за лекови (ЕМА) по Брегзит ќе се пресели од Лондон во Амстердам, а Европската банкарска агенција (ЕБА) во Париз.

Двете европски агенции кои се преселуваат од Лондон поради излезот на Велика Британија од ЕУ се клучни за функционирањето на единствениот пазар во секторот за лекови и банкарство.

Европската агенција за лекови која е во Лондон од 1995 година вработува околу 900 луѓе и е ангажирана во тестирање и контрола на лекови за луѓето и животните. Оваа агенција им помага на националните власти во одобрувањето лекови на единствениот пазар на ЕУ кој вклучува 28 земји и повеќе од 500 милиони луѓе.Агенцијата за лекови ја посетуваат голем број на делегации и експерти. Во 2015 година имало 36.000 посетители, вклучително и 4.000 од земјите кои не се членки на ЕУ.

Европската агенција за лекови го поздрави изборот на Амстердам за нејзино седиште. Агенцијата предупреди дека многу од вработените ќе треба да бидат отпуштени доколку се избере помалку привлечен град.

Во интервју за EURACTIV.com во јули, холандската министерка за здравство Едит Шиперс објасни зошто Амстердам би бил идеален за ЕМА.
„Амстердам е многу убаво место за живеење. Економијата е во подем, имаме високо образована работна сила, а аеродромот Шипол има најголем број директни летови што го поврзуваат со други аеродроми во ЕУ. Ова, според мое мислење е многу важно бидејќи Агенцијата на ЕУ за лекови не е само „обична“ агенција, таа е агенција од која зависат многу пациенти низ цела Европа“, истакнала министерката Шиперс.
Холандската агенција за лекови ќе помогне ЕМА да стане поефикасна во новото седиште.

Вкупно 19 градови беа во натпреварот за седиште за ЕМА, која на земјата домаќин ќе и донесе не само 900 свои вработени, туку и бројни канцеларии на меѓународни фармацевски компании.

Кога станува збор за Европската банкарска агенција (ЕБА) победник е Париз. Од друга страна, Франкфурт седиштето на Европската централна банка и град кој сака да стане финансиски центар на ЕУ по Брегзит, во вториот круг на гласање претрпе „пораз“. За седиште на Европската банкарска агенција беше избран Париз.

Европската комисија ќе подготви предлози за измена на регулативите за основање на двете агенции. Предлозите ќе бидат строго ограничени на прашањето за релокација. Комисијата и Советот се согласија да дадат приоритет на овие законски предлози, со цел да се обезбеди дека агенциите остануваат оперативни во текот на овој процес. Комисијата внимателно ќе го следи процесот на релокација и ќе им помага на агенциите во рамките на своите надлежности, за прашањата поврзани со буџетот на ЕУ, правилата за јавни набавки и кадровските прашања.

Одлуката за преместување на ЕМА и ЕБА беше на владите на 27-те земји-членки и не е дел од преговорите за Брегзит.

http://europa.eu/



## УПОТРЕБАТА НА ГЛИФОСАТ ПРОДОЛЖЕНА ЗА УШТЕ ПЕТ ГОДИНИ



Земјите-членки на Европската унија одобрија употреба на глифосатски хербицид во земјоделството за уште пет години. За предлогот гласаше и Германија која претходно беше воздржана иако министерката за животна средина на Германија не беше консултирана.

Еколозите предупредуваат дека употребата на глифосат го загрозува здравјето и животната средина.

За продолжување на дозволата за користење на глифосат на 27 ноември годинава гласаа 18 земји, против беа 9 земји: Белгија, Грција, Франција, Хрватска, Италија, Кипар, Луксембург, Малта и Австрија, додека само Португалија беше воздржана.

Гласот на Германија за предлогот обезбеди квалификувано мнозинство потребно за изгласување на одлуката, односно 65% од населението на ЕУ. Европската комисија со тоа доби зелено светло за официјално продолжување на дозволата за користење на глифосат, кој мултинационалната компанија Монсанто го продава под името „Раундап“ (Roundup).

Четири земји, вклучително и Германија беа воздржани на претходното гласање. Меѓутоа, се чини дека промената на позицијата на Берлин не е договорена во германската влада.

Германската министерка за животна средина, Барбара Хендрикс од социјалдемократите (СПД), изјави дека му укажала на министерот за земјоделство, Кристијан Шмит кој доаѓа од редовите на Демохристијанската партија (ЦДУ), дека таа сé уште не се согласува со продолжувањето на дозволата.

Одлуката на Германија за поддршка на предлогот, според европратеникот од зелените Свен Гиголд, претставува „шлаканица во лицето на животната средина и потрошувачите“.

Министерката за здравство на Луксембург, Карол Дисбург, исто така ја критикуваше одлуката на земјите од ЕУ, велејќи дека борбата за постепено исфрлање на глифосатот од употреба мора да продолжи.

Во октомври годинава Европскиот парламент усвои резолуција со која се бара постепено укинување на употребата на глифосат во текот на следните пет години.

Европратеничката Џули Гирлинг од групата на европски конзервативци и реформисти истакна дека е задоволна од употребата на хербициди. „Ова е триумф на здравиот разум поради безмилосната кампања на некои зелени групи решени да ги игнорираат научните докази и непотребно да се грижат за јавноста“, рече Гирлинг.

Невладините организации и еколошките здруженија едногласно ја осудија одлуката на ЕУ.

http://www.euronews.com/

## СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА ЗА КОМУНИКАЦИЈА ЗА СТУДЕНТСКИОТ ПРОЕКТ „ЗОШТО ЕВРОПА“

Студентскиот проект „Зошто Европа“ (WhyEurope) кој на социјалните медиуми шири едноставни мислења и пораки со проевропска содржина, ја освои *Специјалната награда 2017 на EuropCom* -Здружение на професионалци за комуникација под покровителство на Европскиот комитет на регионите (CoR ).
Во февруари годинава, три студенти од WhyEurope беа во посета на EURACTIV и направија видео интервју, објаснувајќи го нивниот проект. Во меѓувреме, проектот се прошири. Контроверзноста се одвиваше за време на претседателските избори во Франција, кога екстремно десничарскиот кандидат Марин Ле Пен се посрамоти со нападот на WhyEurope, претпоставувајќи дека е финансиран со пари од ЕУ.
Бенедикт Кау, еден од основачите на проектот изјави за Еурактив „Кога го започнавме проектот никогаш не очекувавме такво нешто да се случи. Во исто време тоа е голема мотивација да продолжиме ". Бенедикт Кау додаде дека групата која сега има 22 членови започнала со нови кампањи со малку поинаков изглед и концепт. Исто така тие работат на повеќе „офлајн“ проекти, како пример се фудбалските дресови со кои групата се појавува на водечката фотографија на статијата.
EuropCom - организиран од Европскиот комитет на регионите (CoR) во партнерство со другите институции на ЕУ, обедини над 600 професионалци од јавните комуникации. Тие вклучуваат и политички претставници на високо ниво кои дебатираат за актуелните предизвици во Европските и јавните комуникации.
Низ темата „Повторно обликување на европските дијалози“, годинашното издание става посебен акцент на тоа како да се вклучат граѓаните во европскиот проект.
Како и во претходните изданија, наградата EuropCom ги препознава извонредните комуникациски кампањи поврзани со ЕУ, развиени од националната, регионална или локална власт. Награда беше доделена на провинцијата Антверпен за кампањата „Pop up Europe“.
Иницијативата која започна во мај 2017 година има за цел „да ја донесе Европа во своите општини“ и да ги поттикне дискусиите за Европа со „забавни, интерактивни и слободни активности“, како што се изложби, театарски претстави, филмови, натпревари и училишни активности.
Со комбинирање на мешавината од активности за сите видови публика, „Pop Up Europe“ се обидува да допре до сите луѓе, а не само до добро информирани или про-европските граѓани на ЕУ.



http://www.euractiv.com/

---

### *ЕУ КАЛЕНДАР / декември 2017*

1. Годишна конференција за човекови права, 8-10/12/2017, Талин, Естонија;
2. Глобален инвестициски форум за нови технологии, 07/12/2017, Брисел, Белгија;
3. Пленарна сесија на Европскиот парламент, 11 -14/12/2017, Стразбур.
4. Состанок на Советот на ЕУ за надворешни работи , 10-13.12.2017, во Буенос Аирес, на маргините на 11 министерски осостанок на СТО.
5. Состанок на Европскиот совет, 14-15/12/2017, Брисел
6. Дигитално претседателство - остварувања на Естонската програма за Дигитална Европа, 14/12/2017, Брисел.



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 33 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот јануари 2011-јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организационо е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




